**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika e Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar | 26.09.2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 03 | 4330 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден, по службена должност

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Скопје

3. **Датум на извршување на надзорот:** 26 септември 2019 година

4. **Предмет на надзорот:** Член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр. 01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), според кој *„Бројот и структурата на вработените лица за телевизија на локално ниво, треба да биде* ***најмалку 5 (пет), од кои 3 (три) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари".***

5. **Претходно изречена мерка:** /

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Трговско радиодифузно друштво Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Скопје не ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

   Образложение: На 08.07.2019 година, Агенцијата испрати допис (наш бр. 03-3430/1) до ТРД Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Скопје, со кој побара во рок од седум дена од денот на приемот на дописот да достави документи од коишто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот. На 30.07.2019 година радиодифузерот во архивата на Агенцијата достави документи, но тие не беа комплетни и не беа во согласност со „Правилникот за начинот на доставување на пропратната документација кон дописите и пријавите упатени до архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги", поради што Агенцијата уште еднаш писмено се обрати до радиодифузерот (допис бр. 03-3430/3 од 31.07.2019 година) и му укажа дека треба да ги докомплетира документите.

   На 12.09.2019 година, радиодифузерот ги достави следните документи (наш бр. 03-3430/5):

   - Преглед на пријави/одјави во задолжително социјално осигурување за деловен субјект, заклучно со 30.08.2019 година, издаден од Агенцијата за вработување на РСМ, од кој е видно дека во редовен работен однос е вработено само едно лице, и тоа како новинар со висока стручна спрема;

   - Четири договори за дело склучени помеѓу радиодифузерот и четири физички лица; и

- Доказ за завршено образование за четири лица.

Од доставената документација е видно дека во ТРД Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Скопје се вработени **пет лица, од кои две со висока стручна спрема, ангажирани како новинари**.

**Предлог мерка:** Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, според кој *„за обезбедување на телевизиско или радио емитување покрај условите и обврските пропишани во овој закон, радиодифузерот треба да исполнува посебни минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови во зависност од програмскиот формат, пропишани со подзаконски акт донесен од страна на Агенцијата"* и член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр. 01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), а согласно член 82 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно кој Агенцијата ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери, по претходно доставено писмено известување доколку по издавањето на дозволата настанат околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста, согласно одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се дава следната предлог мерка:

- директорот на Агенцијата да достави предлог до Советот за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Скопје.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***